# ДОДАТОК I

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз- извоз, Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК I**

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

**СОДРЖИНА:**

## СОДРЖИНА

I.1 Обем ..................................................................................................... 3

I.2 Вовед ..................................................................................................... 4

ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК I .................................................................................. 6

## ПРИЛОЗИ

Прилог I 1 Тековна состојба на Инвеститорот Фреш Фарм ДОО увоз – извоз Мршевци, Илинден ..................................................................................................... 7

Прилог I 2 Имотен лист за инсталацијата за интензивно живинарство ........................ 10

Прилог I 3 Известување од Општина Илинден дека проектната локација е надвор од плански опфат на важечки општ акт за село Мршевци ............................................... 11

Прилог I 4 Одобрение од Општина Илинден за градење на земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи КП 658/1 КО Мршевци, Општина Илинден, 15.08.2022 .................................................................................. 12

Прилог I 5 Решение за издавање на согласност на Студијата за оцена на влијание врз животната средина на проект: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, Општина Илинден за потребите на Фреш Фарм ДОО увоз извоз Мршевци, Илинден од 12.3.2024 ........................................................ 14

Прилог I 6 Изјава за објектите кои ќе бидат во употреба на инсталацијата „Фреш Фарм“ ДОО Мршевци........................................................................................ 21

## I.1 Обем

Главна дејност на Инвеститорот Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз- извоз е одгледување на живина и производството на свежи јајца за конзумација. Друштвото „ФРЕШ ФАРМ” своите почетоци ги има уште од 1982 година, како семеен бизнис кој успешно функционира во секторот живинарство со своја инсталација за интензивно живинарство во индустриската зона во Илинден. Тековна состојба на Инвеститорот е прикажана во Прилог I 1.

Во последните 40-тина години, Инвеститорот ја врши својата дејност (одгледување на живина во живинарска фарма и за истата ги поседува сите потребни дозволи) во веќе постоечки објект, лоциран на територија на Општина Илинден.

Поради зголемување на својот производен капацитет и осовременување на истиот, Инвеститорот изгради нов земјоделски објект за интензивно живинарство на КП 658/1 Мршевци во Општина Илинден (решението за градба на објектот е дадено во Прилог I 4). За таа цел, Инвеститорот спроведе постапка за оценка на влијанието на проектот за изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, Општина Илинден и подготви Студија за ОВЖС која е одобрена од МЖСПП и решението за согласност за проектот е дадено во Прилог I 5 на овој Додаток.

Оваа инвестиција Операторот ја спроведува во две фази. Во првата фаза (која е опсег на оваа А ИЕД) се изградени два објекти за одгледување на кокошки несилки и производство на јајца и еден објект за одгледување на пилиња заедно со целокупната пропратна инфраструктура која е потребна за заокружување на целокупниот процес на живинарската фарма. Во живинарска фарма на Фреш Фарм во Мршевци, се врши одгледување на пилиња и кокошки несилки за производство на јајца, подготовка на храна за кокошки несилки, сортирање, пакување и продажба на конзумни јајца.

Во прва фаза е планирано одгледувалиштето да работи со проектиран капацитет за одгледување на 52.992 кокошки несилки во два објекти и 32.448 еднодневни пилиња во друг објект и очекувано производство на околу 45.043 јајца/дневно.

Имотниот лист каде е лоцирана катастарската парцела за изградба на новата живинарска фарма, е даден во Прилог I 2.

Во Прилог I 3 е дадено известување од Општина Илинден дека проектната локација за изградба на нова живинарска фарма е надвор од плански опфат на село Мршевци.

## I.2 Вовед

Целта на оваа инвестиција е инвеститорот ФРЕШ ФАРМ ДОО Мршевци, Илинден да ја прошири својата дејност, да ги зголеми капацитетите за производство на јајца со што на домашниот пазар ќе се обезбедат дополнителни количини на свежо конзумно јајце.

За реализација на предложениот проект, Инвеститорот изработи инвестиционо-техничка документација за измени во тек на градба за земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи (сите фази), тех. бр. 03-203/22, ноември 2022, изработен од ДПРН "ДД ПРОЕКТ" ДООЕЛ Струмица.

Покрај основниот проект и проектот за измени во тек на градба на земјоделскиот објект за примарна обработка на земјоделски производи, за предвидената инвестиција изработена е и Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина (во период декември 2022 – октомври 2023, земајќи ги во предвид законските барања, добрите земјоделски практики и НДТ за сектор живинарство.

Проектот преставува инвестиција во новопланирано одгледувалиште за интензивно живинарство т.н. green field инвестиција. Greenfield инвестиција претставува процес на вложување во нов бизнис, нов производен процес, нов објект. Овој вид на инвестиција е исклучително важен за развој на економијата. Овој вид на инвестиции “почнуваат од 0“, односно објектот се гради на празно земјоделско земјиште, се носи нова опрема, се развива технологија, се обучуваат вработени. Основни предности на greenfield инвестициите се во тоа што Инвеститорот пренесува дел од своето знаење, позитивно влијае на платниот биланс на земјата, ангажира локална работна сила, ја зголемува конкуренцијата, соработува и се поврзува со локални компании и добавувачи.

Имајќи во предвид дека согласно национално законодавство, инсталацијата спаѓа во инсталации за кои е потребно добивање на А Интегрирана Еколошка Дозвола (А ИЕД), аспектите на животната средина поврзани со сите фази на животниот циклус на проектот се целосно утврдени и земени во предвид, а проценката на влијанијата врз животната средина е базирана на ИСКЗ – Секторско упатство за НДТ Интензивно одгледување на живина PCM (Report Ref. No. 300033-06-RP-366) и Референтен документ за најдобри достапни техники во инсталации за интензивно одгледување на живина и свињи, 2017, Европска Комисија (Best Available Techniques (BAT) Reference Document for the Intensive Rearing of Poultry or Pigs, JRC Science for Policy Report, 2017, European Commission).

Реализацијата на проектот ќе овозможи значајни социо-економски придобивки за локалното население и поширокиот регион на проектот особено ако се има во предвид дека се работи за рурално подрачје.

Подетален опис на новата инсталација за одгледување на живина во Мршевци, вклучувајќи ги сите објекти и проектни активности кои ќе се одвиваат во истите, е даден во Додаток II.

Од страна на Управителот, потпишана е Изјава за објектите кои ќе бидат во употреба на инсталацијата со цел да се дефинира опсегот на инсталацијата за потребите на Барањето за добивање на А интегрираната еколошка дозвола. Потпишаната Изјава е дадена во Прилог I 6 на ова Барање за добивање на А интегрираната еколошка дозвола, а скицата со објекти кои влегуваат во опсегот на Дозволата е дадена во Додаток II, Прилог II 21.

**ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК I**

Централен Регистар 1/18/2024

/електронски издаден документ/

# Тековна состојба

Дигитално потпишан од: Vesna Veljkovikj
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 18.01.2024 во 10:38
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qsig CA G2
Сертификатот е валиден до: 28.09.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | **5768306** |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз Мршевци, Илинден |
| **Седиште:** | Ул. 1 Бр.99 МРШЕВЦИ ИЛИНДЕН |
| **Вид на субјект на упис:** | ДОО |
| **Акт:** | Договор :<br>Пречистен текст на Договорот за основање од 12.01.2024 година |
| **Датум на основање:** | 19.5.2003 |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна сопственост |
| **Единствен даночен број:** | 4030003480632 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.3 - друштво со ограничена одговорност |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |
| **Деловен статус:** | Активен |
| **Број на регистарска влошка:** | 02051783?-3-03-000 |

## Основна главнина

| | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 40.170.000,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 155.000,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 40.325.000,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 40.325.000,00 |

## Сопственици

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0804969455031 |
| **Име:** | **ТАТЈАНА МАРКОСКА** |
| **Адреса:** | Ул. 8 Бр.87 ИЛИНДЕН ИЛИНДЕН |
| **Тип на сопственик:** | Содружник |
| **Паричен влог MKD:** | 38.850.000,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 77.500,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 38.927.500,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 38.927.500,00 |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1905969450107 |
| **Име:** | **ГОРАН МАРКОСКИ** |
| **Адреса:** | Ул. 8 Бр.87 ИЛИНДЕН ИЛИНДЕН |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |
| **Паричен влог MKD:** | 1.300.000,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 77.500,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 1.377.500,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 1.377.500,00 |
| **Вид на одговорност:** | Не одговара |

Страна 1 од 3

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 0702995450121 |
| Име: | ИВАН МАРКОСКИ |
| Адреса: | Ул. РУДИ ЧАЈАВЕЦ Бр.19/2-16 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ<br>АЕРОДРОМ |
| Тип на сопственик: | Содружник |
| Паричен влог MKD: | 10.000,00 |
| Непаричен влог MKD: | 0,00 |
| Уплатен дел MKD: | 10.000,00 |
| Вкупен влог MKD: | 10.000,00 |

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 1601999450021 |
| Име: | АЛЕКСАНДАР МАРКОСКИ |
| Адреса: | Ул. 8 Бр.87 ИЛИНДЕН<br>ИЛИНДЕН |
| Тип на сопственик: | Содружник |
| Паричен влог MKD: | 10.000,00 |
| Непаричен влог MKD: | 0,00 |
| Уплатен дел MKD: | 10.000,00 |
| Вкупен влог MKD: | 10.000,00 |

## Дејности

| | | |
|---|---|---|
| Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра: | 01.47 | Одгледување на живина |
| ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС | | |
| Евидентирани се дејности во надворешниот промет | | |

## Овластувања

### Управител

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 0702995450121 |
| Име: | ИВАН МАРКОСКИ |
| Адреса: | Ул. РУДИ ЧАЈАВЕЦ Бр.19/2-16 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ<br>АЕРОДРОМ |
| Овластувања: | Управител-ВСС |
| Тип на овластување: | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |

## Подружници

| | |
|---|---|
| Подброј: | 5768306/2 |
| Назив: | Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз Мршевци Илинден ,Подружница-ФРЕШ ФАРМ продавница 1 Илинден |
| Тип: | Подружница |
| Подтип: | подружница |
| Адреса: | Ул. 36 Бр.3 ИЛИНДЕН<br>ИЛИНДЕН |
| Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра | 46.33 Трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење |

### Овластени лица на подружницата

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 0702995450121 |
| Име: | ИВАН МАРКОСКИ |
| Адреса: | Ул. РУДИ ЧАЈАВЕЦ Бр.19/2-16 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ<br>АЕРОДРОМ |
| Овластувања: | Раководител на подружница |

## Дополнителни Информации

| | |
|---|---|
| КОНТАКТ: | |
| E-mail: | info@freshfarm.com.mk |

Централен Регистар 1/18/2024

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/C914FD9D46037030CB86390EE21A39F529DFDD0D9E20B8C8CA67DEB03AB55DC5

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

Страна 3 од 3

*Прилог I 2 Имотен лист за инсталацијата за интензивно живинарство*

Центар за катастар на недвижности Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-130622/2022 од 04.07.2022 12:47:29

1105-130622/2022

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 452 ПРЕПИС

## Катастарска општина: МРШЕВЦИ

**ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Ред. бр | ЕМБГ / ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса / Седиште | Дел на недвижност | Правен основ на запишување | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *** | ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ЗЕМЈОДЕЛИЕ,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ФРЕШ ФАРМ ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ ИЛИНДЕН | 34 3, ИЛИНДЕН | 1/1 | Солемнизација - Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ.бр.790 /18 од 07.12.2018 од Нотар Ана Јолакоска | 1112-26823/2018 | 10.12.2018 10:42:25 |

**ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Број на катастарска парцела | | Викано место/улица | Катастарска | | | Површина во м2 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Бр. на евид. лист | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | култура | | класа | | | | | | |
| 658 | 1 | РАМНИШТЕ | зз | н | 5 | 20758 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1113-434/2019 | 24.01.2019 13:23:11 |

**Легенда на внесени шифри и кратенки:**

| Шифра | Опис |
|---|---|
| зз | Плодните земјишта |
| н | Нива |

| Тип | Опис |
|---|---|
| Препис | Цела содржина од имотниот лист |

МП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ Центар за катастар на недвижности VII СКОПЈЕ

Овластено лице:
Беjадин Неби
Име и презиме, потпис

www.katastar.gov.mk страна 1 од 1

*Прилог I 3 Известување од Општина Илинден дека проектната локација е надвор од плански опфат на важечки општ акт за село Мршевци*

ОИ10-7,5/3-14

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
Арх.Бр.**12-2651/2** од **03.10.2023** година
**Уверение број 323/2023**
**И Л И Н Д Е Н**

Општина Илинден-Одделението за урбанизам, просторно планирање и градежно земјиште по барањето на **Фреш фарм** со адреса **ул.8 бр.87 Илинден**, поднесено под бр.12-2651/1 од 03.10.2023 година, врз основа на член 102 од Законот за општа управна постапка ("Сл.весник на Р.М." бр.124/15 год) и службената документација го издава следното

**У В Е Р Е Н И Е**
**За карактер на земјиште на КП 658/1 КО Мршевци**

**Земјиштето** на **КП 658/1 КО Мршевци** кое е евидентирано во Имотен лист бр.**452** се наоѓа **НАДВОР ОД ГРАНИЦАТА** на планскиот опфат на Општ акт за село Мршевци донесен со Одлука.07-2969/9 од 23.12.2015 год.

Карактерот на земјиштето е **земјоделско земјиште.**

Уверението се издава по барање на барателот.

**Изработил: Виолета Томева**

**По овластување на Градоначалникот**
**м-р Александар Арсовски, миа**

Издание 1 2010/03/29

*Прилог I 4 Одобрение од Општина Илинден за градење на земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи КП 658/1 КО Мршевци, Општина Илинден, 15.08.2022*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Општина ИЛИНДЕН**
**Уп.бр.10-58/5**
**23.05.2022 год.**
**ИЛИНДЕН**

ОДОБРЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
на ден 12.08 од 2022 г.
датум на заверка 15.08.2022
Градоначалник

Градоначалникот на Општина Илинден, решавајќи по барањето на инвеститорот Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО Увоз – извоз Илинден, ул.34 бр.3, Илинден, поднесено под Уп.бр.10-58 од 18.03.2022 година, за издавање на Одобрение за градење на земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи КП 658/1 КО Мршевци, општина Илинден, врз основа на член 56, член 58 став 2 и член 67 од Законот за градење („Сл.весник на Р.М. бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/13, бр.25/13, бр.79/13, бр.42/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18 и бр.168/18" и „Сл.весник на Р.С.М. бр.244/19, бр.18/20 и бр.279/20), а во врска со член 87 став 1 и член 88 став 1 од Законот за општата управна постапка (Сл.весник на Р.М. бр.124/15), и член 51-а од Законот за земјоделското земјиште („Сл.весник на Р.М. бр 135/07, бр.17/08, бр.18/11, бр.42/11, бр.148/11, бр.95/12, бр.79/13, бр.87/13, бр.106/13, бр.164/13, бр.39/14, бр.130/14, бр.166/14, бр.72/15, бр.98/15, бр.154/15, бр.215/15, бр.07/16 и бр.39/16 и Сл. Весник на РСМ бр.161/19 и бр.178/21) го издава следното

**Одобрение за градење**

На инвеститорот ФРЕШ ФАРМ ДОО Увоз – извоз Илинден, ул.34 бр.3, Илинден му се одобрува изградба на земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи КП 658/1 КО Мршевци, општина Илинден:

ОБЈЕКТ 1а,б,в,г – за примарна обработка на земјоделски производи – за одгледување на добиток

ОБЈЕКТ 2 – за примарна обработка на земјоделски производи – за одгледување на добиток

ОБЈЕКТ 3 – за примарна обработка на земјоделски производи – за преработка на примарни земјоделски производи

ОБЈЕКТ 4а – помошен објект за засолнување на луѓе

ОБЈЕКТ 4б – за примарна обработка на земјоделски производи – прием, чување и пакување на земјоделски производи

Одобрение за градење се издава за цела градба.

Инвеститорот може да ја започне градбата откако ова Одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Инвеститорот е должен писмено да го пријави започнувањето на изградбата до надлежниот орган, градежната инспекција и инспекцијата на трудот, пред започнување на изградбата.

Ова Одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на Одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението се смета дека градењето е бесправно.

**Образложение**

Инвеститорот ФРЕШ ФАРМ ДОО Увоз – извоз Илинден, ул.34 бр.3, Илинден, поднесе барање за издавање на Одобрение за градење на земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи КП 658/1 КО Мршевци, општина Илинден, со Уп.бр.10-58 од 18.03.2022 година

Со барањето инвеститорот ја приложија следната документација и докази:

**1.**Решение издадено од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост арх.бр.УП I 41-2/2020 од 04.02.2020 година.

**2.**Основен проект објект: земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи КП 658/1 КО Мршевци, општина Илинден, фаза: Архитектура, фаза: Електрика, фаза: Водовод и канализација, тех.бр.0714/19, Скопје 11/20219г. изработен од Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА 4 ДООЕЛ Скопје.

**3.**Ревизија на Основен проект за земјоделски објект за примарна обработка на земјоделски производи КП 979 КО Ајватовци фаза: Архитектура, Градежни конструкции, Електрика, Водовод и канализација, ППЗ елаборат, локација КП бр.658/1 КО Мршевци, општина Илинден, тех.бр. 05171/19, Скопје 2019 изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ПЕОЛЕО ДООЕЛ Скопје.

**4.** Доказ за право на градење, Имотен лист број 452 за КО Мршевци издаден од Агенција за катастар на недвижности бр. 1105-11837/2022 од 25.01.2022 година

**5.**Доказ за извршена уплата на адиминистративна такса.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:

**1.**Мислење за хидротехнички услови со бр.08-5/74 од 20.05.2022 година дадено од страна на ЈКП„Водовод“ н.Илинден.

**2.**Мислење за добивање на одобрение за градба бр.11-514/2 од 30.03.2022 година дадено од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје КЕЦ Васил Главинов.

Правна поука: Против ова Одобрение за градење може да се изјави Жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до орган на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Изработил:
Драган Стојанов диа

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Александар Георгиевски**

Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги ФРЕШ ФАРМ ДОО увоз-извоз нас.Илинден Илинден

Република Македонија Градоначалник Општина Илинден

**Доставено**
**до:** Архива
Инвеститор
Овластен градежен инспектор

*Прилог I 5 Решение за издавање на согласност на Студијата за оцена на влијание врз животната средина на проект: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, Општина Илинден за потребите на Фреш Фарм ДОО увоз извоз Мршевци, Илинден од 12.3.2024*

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр.УП1-11/4-2332/2023
Дата:_______________ год
12-03-2024

Nr. arkivi: UP1-11/4-2332/2023
Data:

**ДО:** ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје
ул.36 бр.3
Општина Илинден

**DREJTUAR:** FRESH FARM ShPK nga Shkupi
Rr. 36 nr. 3
Komuna e Ilindenit

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на Решение за издавање на согласност на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проект: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, за потребите на ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје.

**LËNDA:** Dorëzimi i Vendimit për dhënien e pëlqimit për Studimin e Vlerësimit të Ndikimit në Mjedis të projektit: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK të Mërshevcit, Komuna e Ilindenit, për nevojat e FRESH FARM Sh.PK nga Shkupi.

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, за потребите на ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје.

Со почит,

Të nderuar,

Në shtojcë Ju dorëzojmë Vendimin për dhënien e pëlqimit për Studimin e Vlerësimit të Ndikimit në Mjedis për projektin: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK të Mërshevcit, komuna e Ilindenit, për nevojat e FRESH FARM Sh.PK nga Shkupi.

Me respekt,

МИНИСТЕР
КАЈА ШУКОВА

Изработил/Përpiloi: Nazlie Jahija
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска
Одобрил/:Управа за животна средина
Aprovoi: Drejtoria për Mjedis Jetësor
**Директор / Drejtor: Hisen Xhemaili**

1

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

12-03-2024

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 99/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/2022 и 171/2022), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**РЕШЕНИЕ**

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проект: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, за потребите на ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, за потребите на ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје, за потребите на инвеститорот ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот

Në bazë të nenit 87 paragrafi 1 të Ligjit për mjedisin jetësor (Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 99/2018 dhe Gazetës Zyrtare të Maqedonisë së Veriut Nr. 89/2022 dhe 171/2022), ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor miratoi

**VENDIM**

1. Me këtë Vendim i jepet pëlqim kërkesës për realizimin e projektit: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK Mërshevci, Komuna e Ilindenit, për nevojat e FRESH FARM Sh.PK nga Shkupi.

2. Studimi i vlerësimit të ndikimit në mjedis i projektit: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK të Mërshevcit, komuna e Ilindenit, për nevojat e FRESH FARM ShPK nga Shkupi, për nevojat e investitorit FRESH FARM ShPK nga Shkupi i plotëson kërkesat për mbrojtjen e mjedisit duke zbatuar masat për parandalimin dhe zvogëlimin e efekteve të dëmshme në mjedis, me detyrim ndaj investitorit që të zbatojë me vendosshmëri Planin

1

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

децидно да го имплементира Планот за управување со животната средина, социјални аспекти и мониторинг.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Образложение

Инвеститорот ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје со седиште на ул.36 бр.3, општина Илинден до Министерството за животна средина и просторно планирање достави Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проект: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, изработена од страна на одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина Тања Николовска, дипл.инж. за животна средина-експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната

për menaxhimin e mjedisit, aspekteve sociale dhe monitorimit.

3. Ky Vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit dhe do të publikohet në afat prej pesë ditësh pune nga dita e miratimit në së paku një gazetë ditore e disponueshme në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në ueb faqen, si dhe në tabelën e shpalljeve në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor.

Arsyetim

Investitori FRESH FARM ShPK nga Shkupi me seli në rrugën 36 nr. 3, Komuna e Ilindenit ka dorëzuar në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Studimin e Vlerësimit të Ndikimit në Mjedis për projektin: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK të Mërshevcit. Komuna e Ilindenit, përgatitur nga personi përgjegjës për përgatitjen e studimit të vlerësimit të ndikimit në mjedis Tanja Nikolovska, inxh. i dip. për mjedis - ekspert për vlerësimin e ndikimit të projekteve në mjedis nga Shkupi për nevoja të

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

средина, од Скопје за потребите на инвеститорот ФРЕШ ФАРМ ДОО од Скопје

Главната цел на проектот е изградба на живинарска фарма за 52 992 – кокошки несилки на територијата на општина Илинден, со цел обезбедување на дополнителни количини на конзумни јајца за домашниот пазар. Локацијата каде што ќе се спроведува проектот се наоѓа на КП бр.658/1, КО Мршевци, во општина Илинден.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: воздух, вода, почва, бучава, вибрации, биодиверзитет, климатски промени, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, културно наследство и кумулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за спречување и ублажување на негативните влијанија во фаза на проектирање, изградба, оперативна фаза, престанок со работа и инциденти во глава 6, изготвен е План за управување со животната средина, социјални аспекти и мониторинг во глава 7 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни.

investitorit FRESH FARM ShPK nga Shkupi.

Synimi kryesor i projektit është ndërtimi i një ferme shpendësh për 52.992 pula pjellëse në territorin e komunës së Ilindenit, me qëllim sigurimin e sasive shtesë të vezëve të konsumit për tregun vendas. Lokacioni ku do të realizohet projekti gjendet në PK nr.658/1, KK të Mërshevcit, në komunën e Ilindenit.

Në Studim u analizuan ndikimet e mundshme në fazën e ndërtimit dhe në fazën operative si: ajri, uji, toka, zhurma, dridhjet, biodiversiteti, ndryshimet klimatike, peizazhi dhe efektet vizuale, elementet sociale të mjedisit, trashëgimia kulturore dhe ndikimet kumulative. Analoge me ndikimet e mundshme të analizuara në mjedis, parashikohen masa për parandalimin dhe zbutjen e ndikimeve negative në fazën e projektimit, ndërtimit, fazës operative, ndalimit të punës dhe incidenteve në kapitullin 6, është përgatitur një Plan për menaxhimin e mjedisit, aspekteve sociale dhe monitorimi në kapitullin 7 të Studimit të Vlerësimit të Ndikimit në Mjedis, të

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Согласно член 91 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 99/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/2022 и 171/2022) се одржа јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, на ден 21 декември 2023 година (четврток), во зградата на Домот на култура во општина Илинден со почеток во 12.00 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до

cilat sipas mendimit tonë janë të përshtatshme dhe të zbatueshme.

Në bazë të nenit 91 të Ligjit për mjedisin jetësor (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 99/2018 është mbajtur debati publik pas Studimit të Vlerësimit të Ndikimit në Mjedis për projektin: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK të Mërshevcit, komuna e Ilindenit, më 21 dhjetor 2023 (e enjte), në objektin Shtëpia e Kulturës në komunën e Ilindenit me fillim në ora 12:00.

Komisioni për përgatitjen e raportit për përshtatshmërinë e studimit të vlerësimit të ndikimit në mjedis për projektin: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK së Mërshevcit, komuna e Ilindenit e themeluar nga ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, pas debatit publik, në pajtim me Rregulloren për formën, përmbajtjen, procedurën dhe mënyrën e përgatitjes së raportit për përshtatshmërinë e studimit për vlerësimin e ndikimit të projektit në mjedis ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 33/2006) përgatiti raportin dhe ia dorëzoi ministrit të

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Изградба на земјоделски објекти за интензивно живинарство во КО Мршевци, општина Илинден, ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина беше објавен во дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor. Komisioni për përgatitjen e raportit për përshtatshmërinë e studimit të vlerësimit të ndikimit në mjedis për projektin: Ndërtimi i objekteve bujqësore për kultivim intensiv të shpendëve në KK të Mërshevcit, komuna e Ilindenit kanë shqyrtuar burimet dhe llojet e degradimit dhe ndotjes së mundshme në bazë të të cilave janë dimensionuar dhe përcaktuar masat për mbrojtjen e mediumeve themelore të mjedisit. Masat mbrojtëse të projektuara për parandalimin dhe reduktimin e ndikimeve në mjedis janë të zbatueshme dhe do të plotësojnë kërkesat bazë. Raporti për përshtatshmërinë e Studimit të Vlerësimit të Ndikimit në Mjedis u publikua në një gazetë ditore të disponueshme në të gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në ueb faqen e Ministrisë së Mjedisit Jetëor dhe Planifikimit Hapësinor.

Nga sa u tha më lartë vendosi si në dispozitiv të këtij vendimi.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Правна поука: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

Со почит,

Udhëzim ligjor: Kundër këtij vendimi, investitori, personat e interesuar juridikë ose fizikë, si dhe shoqatat e qytetarëve të krijuara për mbrojtjen dhe përmirësimin e mjedisit, mund të ankohen pranë Komisionit Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurën Administrative dhe procedurat nga marrëdhëniet e punës në shkallë të dytë, në afat prej 15 (pesëmbëdhjetë ditësh) nga dita e publikimit të fundit të vendimit në pajtim me nenin 90 paragrafi (1) pika 5 të Ligjit për mjedisin jetësor.

Me respekt,

Управа за животна средина / Drejtoria për Mjedis Jetësor
Директор / Drejtor
Hisen Xhemaili

Република Северна Македонија Министерство за животни средина и просторно планирање Скопје
Shkup Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил/Përpiloi: Nazlie Jahija
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Dakord:Билјана Петкоска

6

*Прилог I 6 Изјава за објектите кои ќе бидат во употреба на инсталацијата „Фреш Фарм“ ДОО Мршевци*

До

Министерство за животна средина и
просторно планирање
Сектор за индустриско загадување и управување со ризик
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

**Предмет: Изјава за објекти кои се во опсегот на Барањето за добивање на А ИЕД за Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз – извоз Мршевци, Илинден**

Почитувани,

Во врска со дефинирање на опсегот на А интегрираната еколошка дозвола, за која инсталацијата “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз – извоз Мршевци, Илинден поднесува Барање за добивање на А - интегрирана еколошка дозвола, одговорното лице на операторот под полна морална одговорност изјавува дека сите објекти кои се во рамки на Инсталацијата на „ФРЕШ ФАРМ“ спаѓаат во опсегот на оваа А ИЕД.

Ситуација на поставеност на објектите во рамки на инсталацијата живинарска фарма „ФРЕШ ФАРМ“ кои се дел од опсегот на Барањето за добивање на А – интегрираната еколошка дозвола е дадена во Додаток II, Прилог II 24 на Барањето за добивање на А ИЕД Дозволата.

За секоја промена поврзана со нив уредно ќе биде информирано Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со почит,

Управител на Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз – извоз Мршевци, Илинден

Иван Маркоски

_____________________________